ДП 6/14

Дисциплинската комисија при Комората на извршители на РМ (подолу како ДК при КИРМ) во состав од Снежана Фитеска извршител, како Претседател на Дисциплинска комисија и Саветка Георгиева извршител, како член-известител на Дисциплинска Комисија, Претседател на Основен суд Скопје 1 Скопје судија Владимир Панчевски, судија Сандра Крстиќ Основен суд Скопје 1 Скопје и Зулќуфли Ајвази од Министерство за правда, како членови на Дисциплинска Комисија и секретар на Дисциплинска комисија Билјана Николовска како записничар, постапувајќи по Предлогот за поведување на дисциплинска постапка УПП бр. 09-75 од 13.02.2014 година на Министерот за правда, во присуство на обвинетиот извршител Х. Ј. лично, по одржан претрес, на ден 01.04.2014 година го донесе следното

**РЕШЕНИЕ**

СЕ ОГЛАСУВА ЗА ВИНОВЕН извршителот Х. Ј. именуван за подрачјето на О. суд С. 1 – С. и О. суд С. 2 – С. со адреса на ул. Н. Ф.бр.25/1-3 С. во врска со постапување по негов предмет И.бр.1017/08-1.

ЗАТОА ШТО:

Извршителот Х. Ј. од С. вршејќи ја должноста по предметот И.бр.1017/08-1, по извршената достава со јавна објава на Налогот за извршување на дејствие што може да го изврши само должник ( врз основа на член 222 став 1 од Законот за извршување) И.бр.1017/08-1 до должникот и по истекот на определниот рок во кој должникот не го извршил дејствието, не побарал од судот да му изрече на должникот парична казна, со што постапил спротивно на член 27 ставови 2 и 3 и член 222 од Законот за извршување ( Службен весник на Р.М. бр.35/05, 50/06,129/06,8/08,50/10,83/10,88/10,171/10,148/10 и 187/13),

со кои дејствија извршителот Х. Ј. од С. постапувајќи по предметот И.бр.1017/08-1 сторил дисциплинска повреда “неоправдано го одложува извршувањето“ по член 54-г став 1 алинеја 10 од Законот за извршување

па со примена на правилата на казненото право член 40 и член 41 од КЗ за вонредно ублажување на казната и врз основа на чл.54-а од Законот за извршување му се изрекува дисиплинска мерка

**ЈАВНА ОПОМЕНА**

Дисциплинската мерка јавна опомена се става на огласна табла во седиштето на Комората, 60 дена од денот на изрекување.

*Образложение*

Предлогот за поведување на дициплинската постапка УПП.бр.09-75 од 13.02.2014 е поднесен од страна на Министерството за правда на РМ врз основа на Извештај вондреден надзор врз работата на извршителот УПП.бр.09-75 од 29.01.2014 година со увид во предмет И.бр. 1017/08-1 во канцеларијата на извршителот на ден 17.01.2014 година..Предлогот е поднесен со наводи дека извршителот сторил дициплинска повреда - неоправдано го одложува извршувањето, по чл.54-г став 1 алинеја 10 од Законот за извршување на начин што во извршниот предмет И.бр. И.бр.1017/08-1, по извршената достава со јавна објава на Налогот за извршување на дејствие што може да го изврши само должник ( врз основа на член 222 став 1 од Законот за извршување) И.бр.1017/08-1 до должникот и по истекот на определниот рок во кој должникот не го извршил дејствието, не побарал од судот да му изрече на должникот парична казна, со што постапил спротивно на член 27 ставови 2 и 3 и член 222 од Законот за извршување ( Службен весник на Р.М. бр.35/05, 50/06,129/06,8/08,50/10,83/10,88/10,171/10,148/10 и 187/13), со што подносителот смета дека извршителот сторил дисциплинска повреда и предлага по поведена дисциплинска постапка Дисциплинската Комисија да му утврди одговорност и да му изрече соодветна казна.

Извршителот Х. Ј. во своја одбрана на главен претрес и во писмен одговор од ден 13.03.2014 година наведе дека повредата опишана во Предлогот за поведување на дисциплинска постапка неосновано му се става на товар од причина што, истиот континуирано превемал извршни дејствија по извршниот предмет И.бр.1017/08-1 односно постапувал согласно член 27 став 2 од ЗИ согласно кој извршителот е должен да постапува по барањето за извршување. Во предметот од страна на извршителот биле превземени извршни дејствија и тоа во поголем број и тоа бил издаден Налог за извршување, било излезено на лице место заради уредна достава за што составил и службена белешка потпишана и од доверителот, објавил огласи заради јавна објава во Службен весник и дневниот печат, биле дадени повеќе одговори на поднесени приговори од страна на доверителот и други дејствија. Извршителот истакна дека согласно член 27 ст.3 од ЗИ, со врачувањето на извршната исправа чие извршување се бара, извршителот е овластен да избере средства за извршување и предмети на должникот заради целосно извршување на извршната исправа па оттука во конкретниот случај извршителот и тоа го сторил и избрал да издаде Налог за извршување на дејствија што може да го изврши само должник врз основа на член 222 ст.1 од ЗИ. Воедно, со ваквото средство за извршување доверителот не се согласувал поради што поднел и низа приговори и жалби кои од страна на надлежните судови му се одбиени. Во врска со наводот од Предлогот кој се однесува на тоа дека откако извршителот издал налог за извршување од 23.01.2012 година не побарал од надлежниот суд на должникот да му изрече парична казна извршителот укажа на фактот дека тоа е неспорно меѓутоа не се согласува дека со тоа што не поднел такво барање до судот неоправдано го одложувал извршувањето. Во конкретниот случај извршната постапка била граѓанска постапка иницирана по барање на одредена странка – доверител. Според извршителот ноторен факт е дека сите такви постапки па и извршната постапка неминовоно предизвикувале одредени трошоци за превземените извршни дејствија. Трошоците по правило секогаш треба да ги авансира странката која ја иницирала постапката а тоа во овој случај бил доверителот. Извршителот наведе дека истиот по писмен пат побарувал авансирање на трошоците од страна на доверителот но тој одбил тоа да го стори. Извршителот истакна дека согласно чл.46 од Законот за извршување, извршителот за извршените дејствија има право на награда и надоместок на трошоците во согласност со Тарифата за награда и надоместок на другите трошоци за работата на извршителот како и дека согласно чл.4 ст.2 од споментата Тарифа, доверителот и извршителот може да се договорат да го одложат плаќањето на цената на извршните дејствија до завршување на извршувањето, освен за реалните трошоци кои произлегуваат од извршните дејствија. Барање за изрекување на парична казна ( врз основа на чл.222 ст.2 од ЗИ), до насловниот суд се поднесува на пропишан образец бр.72 со Правилникот за формата и содржината на налозите, заклучоците, записниците, барањата, службените белешки и другите акти кои ги изготвува извршителот при превземањето на извршните дејствија. Извршителот истакнува дека согласно процесните прописи по кои постапува граѓанскиот суд како

стварно надлежен суд по ваквите барања, освен иницијалниот акт до судот во конкретниов случај Барање на образец бр.72, подносителот односно извршителот задолжително треба да достави и точни податоци за спротивната странка, односно вообичано тековна состојба за странката против која е поднесено барањето - правно лице а исто така кон барањето за изрекување на парична казна до судот треба да се доставаат и валидни докази како што се копија од извршната исправа, од налогот за извршување, од Решенијата по приговорите и жалбите, доказ дека налогот е уредно доставен до должникот а тој не постапил по него и сл. Извршителот наведе дека согласно Табела 2 кој е составен дел на Тарифата за награда и надоместокот на другите трошоци за работата на извршителите, непосредното предавање на писмената кои произлегуваат од работата на извршителот до државните органи чини 6 евра, секоја копија на потребните докази за судот да одлучи чини 0,5 евра согласно што било основано барањето на извршителот да доверителот ги авансира овие трошоци. Извршителот на главен претрес дополни дека по овој предмет еднаш веќе била водена дисциплинска постапка со идентично обвинение за иста дисциплинска повреда и со решение на Дисциплинската Комисија ДП 328 од 03.09.2012 година е утврдено дека не е сторена дисциплинска повреда. Исто така извршителот се повикува и на застареност бидејќи неговото последно дејствие е превземено на 23.01.2012 година. Во своја одбрана извршителот истакна дека имал сознанија дека должникот е во стечај согласно што би било бесцелно превземање на дејствија со казнување на должникот кој паднал во стечај.

Дисциплинската комисија на КИРМ на претрес на ден 01.04.2014 година, ги дозволи и изведе предложените докази, со читање на:

- Извештај УПП бр.09-75 од 29.01.2014 година од Министерсто за правда

- Налог за извршување по член 202 став 1 од ЗИ од 24.08.2012 година, И.бр.1017/08 од Извршител Х. Ј.

- Доставница од налог до Министерство за Финансии-УЈП

- Налог по член 222 став 1 од ЗИ од 23.01.2012 година,И.бр.1017/08-I од Извршител Х. Ј.

- Доставница од налог И.бр. 1017/08 до Адвокат А. В.

- Барање за авансирање средства за извршни трошоци ,И.бр.1017/08 од Извршител Х. Ј. од 23.01.2012 година

- Доставница од барање И.бр. 1017/08 до адвокат А. В.

- Поднесок од Доверителот од 31.01.2012 година

- Исечок од весник со Јавна објава И.бр.1017/08

- СЛВ-751-102.05/рев 01 ЈП Службен весник на РМ

- Јавна обајава во огласниот ден на службен весник во број.23/15.02.2012 И.бр.1017/08

- Доставница од Јавна објава до Службен весник од И.бр.1017/08 од 10.02.2012 година

- Јавна објава И.бр. 1017/08 од 10.02.2012 година од Извршител Х. Ј.

- Решение ППНИ-748/11 од 30.11.2011 година од Претседателот на основниот суд С 2 С.

- Решение ТСЖ.бр.-763/12 од 22.03.2012 година од Апелациониот суд С.

- Достава на повратница И.бр.1017/08 од Извршител Х. Ј. до Основен суд С. 2 С. од 04.06.2012 година

- Решение ППНИ-59/12 од 28.02.2012 година од Претседателот на основниот суд С. 2 С.

- Достава на доставница И.бр.1017/08 од Извршител Х. Ј. до О суд С. 2 С.

- Доставница од Решение ППНИ-59/12 до Адвокат Василев Ацо И.бр.1017/08 од 05.03.2012 година од Извршител Х. Ј.

- Решение ГЖ. Бр.-2568/12 од 31.05.2012 година од Апелационионот суд С.

- Доставница од Решение ГЖ бр.2568/12 до Адвокат А. В. од Извршител Х. Ј. од 21.06.2012 година

- Известување за преземени извршни дејствиа со повик за авансирање извршни трошоци до Адвокат А. В. од Извршител Х. Ј. од 02.04.2012 година

- Доставница од известување до Адвокат А. В. од Извршител Х. Ј. од 04.04.2012 година

- Одговор од доверителот на дописот од извршителот од 24.04.2012 година

- Решение ППНИ-785/12 од 24.09.2012 година од Претседателот на Основниот суд С. 2 С.

- Повратнца од Решение до Д. Ч. од 29.09.2012 година од Извршител Х. Ј.

- Решение ГЖ.бр.-5519/12 од 29.11.2012 година од Апелациониот суд С.

- Доставница од решение до Д.Ч.од Извршител Х.Ј.

- Дополнително решение ГЖ.бр.-5519/12 од 29.11.2012 година од Апелациониот суд С.

- Решение ППНИ-112/13 од 27.02.2013 година од Претседателот на основниот суд С. 2 С.

- Доставување на доказ за уредна достава И.бр.1017/08 до Осконев суд С. 2 С.од Извршител Х. Ј. од 15.03.2013 година

- Повратница од Д. Ч. од 11.03.2013 година

- Решение ГЖ.бр.-3228/13 од 28.11.2013 година од Апелациониот суд С.

- Дополнително Решение на Апелациониот суд во С. ГЖ.бр.5519/12 од 19.06.2013 година

- Дополнително Решение на Апелациониот суд во С. ГЖ.бр.5519/12 од 17.10.2013 година

- Решение на Комората на извршители на Република Македонија Пр.бр.566 од 19.12.2012 година со кое е отфрлена пријавата поднесена од Д. Ч. против извршителот Х. Ј. во врска со неговото постапување по предметот И.бр.1017/08 како безпредметна

- Решение на Комората на извршители на Република Македонија Пр.бр.46/13 од 07.05.2013 година со кое е отфрлен приговорот поднесен од Д. Ч. против извршителот Х. Ј. поради решена работа

Дисциплинската комисија на КИРМ, ценејќи ги сите докази одделно и во целост, заедно со наводите изнесени во Предлогот на Министерот за правда и одбраната на извршителот, врз основа на слободно убедување, ја утврди следната фактичка положба:

На ден 23.01.2012 година извршителот издал Налог за извршување на дејствие што може да го

изврши само должник (врз основа на член 222 став 1 од Законот за извршување) И бр.1017/08- I со кој му наложил да должникот Друштво за производство, промет и услуги ____ МАЈ АД увоз-извоз во рок од 8 дена да го изврши дејствието содржано во извршната исправа Пресуда на Основниот суд С. 2 ПС бр.764/06 од 19.06.2007 година кое се состои да му ја пренесе и предаде на доверителот Д. Ч. утврдената сопственост во неговиот целокупен капитал во износ од 83,33% утврдена со Пресуда на Основниот суд С. 2 бр.6717/96 од 05.11.2002 година на начин што ќе изврши делба и пренос на утврдениот дел од целокупниот капитал што бил вложен при уписот во Трговскиот регистар во 1996, како и делба и пренос на стекнатите права од 1996 година до денот на делбата. Извршителот примерок од налогот за извршување доставил до полномошникот на доверителот адвокат А. В.

Истиот ден на 23.01.2012 година извршителот доставил до полномошникот на доверителот адвокат А. В. барање за авансирање средства за преземање на извршни дејствија во износ од 19.123,00 денари, кои се однесуваат на реалните трошоци за објавување на 6 огласи во дневниот печат и еднократна објава во Службен весник на Република Македонија.

На ден 31.01.2012 година извршителот примил поднесок од доверителот со кој доверителот го повлекува поднесокот од 31.10.2008 година со кој што било делумно повлечено извршувањето и предложил да продолжи извршувањето согласно основното барање од 01.07.2008 година.

Извршителот извршил достава до должникот со јавна објава во "Службен весник на Република Македонија " бр.23 од 15.02.2012 година и во дневниот весник " Дневник" (6 објави) со која го повикал должникот да се јави во канцеларијата на извршителот заради врачување на: Барање за извршување од 01.07.2008 година, Заклучок од 30.03.2009 година, Наод и мислење од Завод за вештачење ДООЕЛ Скопје, Решение на Претседателот на Основниот суд С. 2 ППНИ бр.748/11 од 30.11.2011 година, Жалба од доверителот Д. Ч. на Решение ППНИ бр.748/11 од 30.11.2011 година, Налог за извршување И бр.1017/08 од 23.01.2012 година и Решение на Апелациониот суд С. ГЖ бр.6086/11 од 13.12.2011 година, во рок од 3 дена сметано од денот на последното објавување на јавниот повик. Со јавната објава должникот е предупреден дека ваквиот начин на доставување се смета за уредна достава и дека негативните последици кои можат да настанат ќе ги сноси самата странка.

Должникот во зададениот рок не се појавил во канцеларијата на извршителот за да ги прими горенаведените акти.

Доверителот поднел приговор против Налогот за извршување И бр.1017/08 од 23.01.2012 година, кој што приговор со Решение на Претседателот на Основниот суд С. 2 – С. ППНИ бр.59/12 од 28.02.2012 година е одбиен како неоснован. Незадоволен од вака донесеното решение останал доверителот кој изјавил жалба која што со Решение на Апелациониот суд С. ГЖ бр.2568/12 од 31.05.2012 година е одбиена како неоснована, а Решението на Претседателот на Основниот суд С. 2 – С. ППНИ бр.59/12 од 28.02.2012 година е потврдено.

На ден 04.04.2012 година извршителот до полномошникот на доверителот А.В. адвокат од Скопје доставил писмено Известување за преземени извршни дејствија со кое што го известува доверителот дека огласите за јавна објава во дневниот весник Дневник и во Службен весник на РМ во износ од 1_________,00 денари се платени од страна на извршителот, и покрај тоа што доверителот бил повикан со допис од 23.01.2012 година да ги авансира само неопходните извршни трошоци за огласите за јавна објава. Извршителот во известувањето му укажал на доверителот дека има обврска да ги авансира потребните трошоци во износ од 20.000,00 денари, за да се преземат понатамошни извршни дејствија за достава со јавна објава до должникот на решението по приговор и жалбата.

На ден 24.04.2012 година извршителот примил одговор од доверителот на известувањето за

авансирање на извршни трошоци од 02.04.2012 година.

На ден 14.05.2012 година извршителот доставил до Основниот суд С. 2 – С. Известување за преземените извршни дејствија од страна на извршителот по предметот И.бр.1017/08.

На ден 24.08.2012 година извршителот издал Налог за извршување (од сметка на должник врз основа на член 202 став 1 од Законот за извршување), заради наплата на трошоците на постапката во износ од ________-,00 ден. и трошоците на извршувањето. Извршителот примерок од Налогот за извршување доставил до Министерството за финансии - Управа за јавни приходи каде се водела сметката на должникот но налогот за извршување не бил реализиран.

Доверителот повторно поднел приговор против неправилности при извршувањето по предметот И бр.1017/08, кој што приговор со Решение на Претседателот на Основниот суд С. 2- С. ППНИ бр.785/12 од 24.09.2012 година е отфрлен а кое решение било потврдено со Решение на Апелациониот суд Скопје ГЖ бр.5519/12 од 29.11.2012 година. Примерок од решението е доставен само до доверителот.

Доверителот поднел приговор против неправилности при извршувањето против Налогот за извршување (врз основа на член 222 став 1 од Законот за извршување) И.бр.1017/08-1 од 23.01.2012 година. Со Решение на Претседателот на Основниот суд С. 2- С. ППНИ бр.112/13 од 27.02.2013 година приговорот на доверителот е одбиен. Со Решение на Апелациониот суд С. ГЖ бр.3228/13 од 28.11.2013 година било потврдено првостепеното решение. Примерок од решението бил доставен до доверителот.

Дисциплинската комисија одлучувајќи по повод основаноста на предлогот за дисциплинска постапка, утврди дека извршителот со тоа што на ден 23.01.2012 година издал Налог за извршување на дејствије што може да го изврши само должник кој го доставил до должникот на ден 15.02.2012 година и по истекот на определниот рок во 8 дена во кој должникот не го извршил дејствијето, извршителот и по истекот на подолг период не побарал од судот да му изрече на должникот парична казна согласно предвиденото во чл. 222 ст. 4 од Законот за извршување а со цел постапување по барањето за извршување и реализрање на извршната исправа па на ваков начин извршителот ја сторил дисциплинската повреда по чл.54-г став 1 алинеја 10 од Законот за извршување која му се става на товар “неоправдано го одложува извршувањето”.

Дисциплинската комисија ги ценеше наводите од одбраната на извршителот дека станува збор за дисциплинска повреда за која настапила застареност согласно ЗИ, меѓутоа Комисијата утврди дека одложувањето на извршувањето траело непрекинато до ден на спроведување на надзорот, согласно што не може да стане збор за застарено поведување на дисциплинска постапка од причина што Предлогот за дисциплинска постапка се однесува на околноста што извршителот не постапувал со цел реализирање на барањето за извршување односно не побарал од судот да му изрече парична казна на должникот. Комисијата ја ценеше и одбраната на извршителот дека доверителот не ги авансирал извршните дејствија потребни за спроведување на налогот иако извршителот писмено побарал истите да се аваснираат но истото не влијаеше за поинакво одлучување од причина што согласно чл. 3 став 6 од Тарифата за награда и надоместок на другите трошоци за работата на извршителите, извршителот имал право во примерен рок да му го врати барањето за извршување во случај доколку доверителот не ја плати цената за администрирање.

Дициплинската комисија при определувањето на видот и висината на дисциплинската санкција ги ценеше сите олеснителни и отежнителни околности, а како особено олеснителна околност дека

извршителот самиот авансирал дел од трошоците потребни за јавна објава и достава на актите до доверителот и олеснителната околност дека по повод истиот извршен предмет одлучувале по приговори против неправилности судовите кои ги одбиле како неосновани приговорите на доверителот а како отежнителна околност тоа што во периодот во кој не било побарано од судот да му изрече парична казна на доверителот настапила правна несигурност за странките, па со примена на правилата на казненото право чл.40 и чл.41 од КЗ за вонредно ублажување на казната па во склоп на истите му ја одмери казната. Дисциплинската комисија смета дека со ваквата казна ќе се постигнат целите на генералната и специјалната превенција.

Од наведените причини, Дисциплинската Комисија при КИРМ на ден 01.04.2014 година согласно чл. 59, чл. 59-б став 1,2 и 3 и чл. 59-в став 1 алинеа 2 од Законот за извршување (Сл. Весник на Р. Македонија бр.35/05, од 18.05.2005 год. 50/06, 129/06, 8/08, 83/09 50/10, 83/10, 88/10, 171/10 и 148/2011) одлучи како во изреката на ова решение.

Претседател на Дисциплинска
комисија,
Снежана Фитеска

**Правна поука** : против оваа одлука извршителот има право на правна заштита со поведување на управен спор пред Управен суд на РМ во рок од 30 дена по приемот на одлуката

**Дн:** Министерство за правда
Извршител Х. Ј. Скопје
Архива